
Живот во Јегуновце
ЗА СИТЕ
19
СДСМ
Дарко
Блажески



**Драги граѓани на Република Македонија,**

заедно ја освоивме слободата, ја ослободивме заробената држава, ги враќаме човечките и демократските вредности во нашиот живот. А, животот, мораме да го подобриме насекаде, и во моите Струмица и Муртино, и во Охрид, Прилеп, Тетово, Битола, Куманово, Струга, Штип, Арачиново, Конче, Баница, Ваташа, Ботун, Липково, Кучевиште, Оризари, Секирци, Мешеишта, Шишево... низ целата наша убава Македонија.

Промените се тука, и продолжуваат!

На сцената е нова, одговорна и домаќинска власт, која е свртена кон потребите на граѓаните. Достапна за сите нив, отворена и отчетна. Новата политика, е политика од збор. Новата политика значи служење на граѓаните, а не владеење.

Домаќински ги намаливме трошоците на функционерите и обезбедивме вашите пари да ви се вратат вам преку поголема минимална плата, поголеми субвенции за земјоделците, преку новите политики за економски раст, поддршката за домашните фирми, преку укинување или намалување на разно-разните давачки.

Ајде да ја продолжиме оваа наша заедничка акција наречена „Живот во секоја општина, живот за сите!". Во секоја урбана и месна заедница, во секое маало. Заедно со вас и со нашите луѓе можеме да го направиме тоа.

Инфраструктура за сите - градиме по план, квалитетно, одговорно и домаќински.

Здрава животна средина за сите – преземаме итни мерки за да обезбедиме чиста вода и чист воздух.

Можности за сите - насочуваме повеќе пари кај општините, за да има повеќе пари за граѓаните. Сето ова, во отворени и услужни општини.

Ја барам вашата поддршка, за да живееме добро и достоинствено сите, каде што сме родени, каде што учат нашите деца, каде што работиме, во современи општини, во нашата Република Македонија.

Прочитајте ја Програмата "Живот за сите", бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.

**Прочитајте ја Програмата „Живот за сите", бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.**

Ваш,
**Зоран Заев,**
**Претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија**

**Драги сограѓани,**

Ми претставува огромен предизвик да бидам предводник на оваа наша општина, во која живеам и се соживувам со реалните проблеми и потребите на граѓаните за поквалитетен живот. Стојам пред тој предизвик да ја изградам општина Јегуновце во економски развиена, со исти стандарди и придобивки за сите жители. Тргнувам од идејата за праведно општество за сите, во кое секој ќе се чувствува заштитен и секој ќе ја има својата шанса за подобра иднина и ветувам дека беспрекорно ќе се борам за реализација на таа моја обврска. Досегашните мои искуства, вештини и знаења, со огромна волја ќе ги вложам за идна заедничка добробит.
Знам дека ова е функција со полна одговорност и влијателност врз животот на граѓаните, а тие ќе ме насочуваат кон реализација и решавање на секој проблем. Тие ќе бидат моите главни водичи, ќе работиме заедно, ќе создаваме заедно, а мој најголем успех ќе бидат задоволните граѓани.
Развојот на општината се постигнува со поддршка на граѓаните, целосна транспарентност и вклученост на секој граѓанин во одлуките на општината.

За време на мојот мандат вратите на општината ќе бидат отворени секогаш, граѓаните сослушани до крај и насочени кон вистинскиот пат, преку наша помош и поддршка. Нашиот пристап кон граѓаните ќе биде максимално рамноправен, без разлика на национална, верска или партиска определба.

Ајде да создадеме просперитетна општина, да изградиме сигурна иднина за нашите млади, да гласаме за ЖИВОТ во општина Јегуновце!

Со почит,

**Дарко Блажески**





**Се обврзуваме на транспарентна, посветена работа, работа единствено во ваш интерес за решавање на наталожените проблеми на општина Јегуновце. Вашиот глас претставува наша обврска, затоа да му дадеме шанса на Животот во Јегуновце.**



## СОВЕТНИЧКА ЛИСТА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА И КОАЛИЦИЈАТА ЗА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

1. **Бобан Стојаноски**
2. Олгица Трпчевска
3. Веле Ристоски
4. Славица Јованоска
5. Далиборка Апостолоска
6. Роберт Ристовски
7. Тања Савеска
8. Сања Матоски
9. Денис Јовановски
10. Кристина Силјановска
11. Горан Перовски
12. Мирослав Ристовски
13. Дејан Смилановски
14. Жаклина Силоска

## ГРАДИМЕ ПО ПЛАН
### ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕ

- Ја приспособуваме целата постојна урбана и рурална инфраструктура да биде во функција на потребите на граѓаните.
- Градиме одговорно, квалитетно и домаќински, за секој граѓанин да добие решение кое ќе му го подобри животот во неговата средина.
- Новите локални власти носат планови и проекти за патишта, улици, канализации, водоводи, градинки, училишта, спортски терени и гасна мрежа.
- Ги намалуваме разликите помеѓу градските и селските средини.
- Градиме по план, обезбедуваме инфраструктура за сите.





## ЧИСТА ВОДА И ЧИСТ ВОЗДУХ
### ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

- Обезбедуваме чиста и здрава вода за пиење и чист воздух, зашто тие се клучни за здравје и за живот. За нас ништо не е поважно од здравјето на луѓето.
- Граѓаните се јасни и сериозни во своите барања, а ние одговорно го слушаме и го разбираме крикот за чиста животна средина.
- Создадовме план и проекти за зголемен капацитет и за професионална услуга на јавните комунални претпријатија, преку намалени трошоци за граѓаните.
- Се обврзавме постојано и навремено да ги чистиме депониите и каналите, да вложуваме во колекторски системи, пречистителни станици, регионални фабрики за третман на цврстиот комунален отпад и во енергетски ефикасни објекти.
- Обезбедуваме услови за здрав живот за сите.

## ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ГРАЃАНИТЕ
МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

- Ја активиравме спиралата на покачување на платите. Носиме директна поддршка за домашните фирми, пред сè за малите и средните претпријатија.
- Обезбедуваме повеќе пари за општините, а со тоа и повеќе можности и повеќе пари за секој граѓанин на локално ниво.
- Обезбедуваме еднакви услови и за странските инвеститори.
- Вложуваме во младите, отвораме центри за отпочнување и развој на бизниси.
- Ги здружуваме бизнисите, општината и граѓаните, со единствена цел – нови и подобро платени работни места.
- Ја вклучуваме бизнис заедницата во дефинирање на приоритетите на општината и воведуваме бизнис форуми како редовна активност за проектирање и следење на локалниот економски развој.
- Посветената и одговорна работа ги носи парите директно кај граѓаните.





## ОТВОРЕНА И УСЛУЖНА
ОПШТИНА ЗА СИТЕ

- Ја отвораме локалната самоуправа за да може секој граѓанин да добие навремени, квалитетни и евтини услуги.
- Ја враќаме моќта на месните и урбаните заедници, ги опремуваме со технички услови и го зајакнуваме нивниот правен статус.
- Граѓаните ќе ги добијат сите потребни услуги на едно место, и од органите на локалната, и од органите на централната власт во современи центри за услуги.
- Воведуваме електронски систем на услуги и мобилни канцеларии кои ќе нудат услуга во секое село.
- Ги вклучуваме граѓаните во креирањето на буџетот, во носењето одлуки и во контролата на власта.
- Буџетските средства ќе се користат строго наменски, транспарентно, домаќински и одговорно, преку редовно известување за сработеното.
- Обезбедуваме ефикасен јавен превоз, пријатни детски градинки, чисти и загреани училишта. Обезбедуваме поддршка и помош за најзагрозените семејства и за лицата со посебни потреби.
- Ги поддржуваме и поттикнуваме сите демократски механизми како петиции, претставки, граѓански иницијативи, собири на граѓани и референдуми.
- Воведуваме нов модел на отворена и услужна локална самоуправа – општина за сите.

# НОВИТЕ ПОЛИТИКИ НА НОВИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК



Општина Јегуновце има потенцијал да биде една од најпросперитетните општини во Република Македонија, општина во чиј склоп се населени места богати со природни богатства погодни за селски туризам, богати со води плодни почви кои се недоволно искористени , населени места во кои има индустриски објекти кои мора да се стожер на економскиот раст на општината. Досегашната локална власт во Јегуновце не сакаше или не знаеше да го искористи потенцијалот што оваа општина го нуди

## ВИЗИЈА

**Општина Јегуновце, успешна општина со економски напредок, урбанизирана, мала, но силна општина. Општина, посветена на граѓаните што ќе ги користи нивниот голем потенцијал и природните ресурси, во својот развој.**

за доброто на сите граѓани. Како иден градоначалник на општина Јегуновце ветувам дека сите предности на нашата општина ќе ги валоризирам следен со мислата за подобар живот на моите деца, на моите сограѓани, на моето село и мојот крај во целина, за што сметам дека имам доволно менаџерско знаење. Постојат и секогаш ќе постојат проблеми со кои ќе се соочуваме, но постојната разлики во пристапот на решавањето на тие проблеми. Јас ќе се трудам да работам превентивно и да ги спречиме проблемите на самиот нивен почеток. Нудам начин на работење на администрација кое целосно ќе биде во служба на потребите на населението, непартизирана, професионална и ефикасна. Администрација која ќе го почитува работното време, која ќе се залага да му овозможи на граѓанинот корисна и потребна информација и да му укаже помош секогаш кога му е потребна. Администрација која ќе изработува проекти преку кои ќе се доаѓа до финансиски средства кои Македонија ги добива преку ИПАРД програмата на Европска унија, програма за поддршка и развој на рурални и недоволно развиени подрачја.

Моите сограѓани се вредни, поштени и луѓе кои не се плашат од работа. Еден од најголемите проблеми на нашата општина е невработеноста, идната локална власт во своите ингеренции и можности мора да помага да се намали невработеноста, како преку помош и поддршка на постојните стопански објекти кои егзистираат на територијата на нашата општина така и преку поддршка на сите заинтересирани поединци во остварување на нивните цели за отворање на мали и средни претпријатија. Малите и средните претпријатија мора да станат мотори на општинската економија. Со вклучување на приватниот сектор преку форма на Јавно приватно партнерство, преку ефикасно искористување на локалните потенцијали и ресурси. Локалната власт мора да даде секаков вид на помош со крајна цел , што повеќе вработувања од општина Јегуновце. Намалување на невработеноста ќе го постигнеме преку економски развој на општината за таа цел ќе имаме изготвено посебна економска програма и стратешки документи и нивна презентација пред потенцијалните стратешки инвеститори .

## МИСИЈА

**Економски развиена, урбанизирана, современа општина, со изградени улици и со водоводна и канализациска мрежа. Еколошки чиста општина. Општина во служба на граѓаните. Мора да се искористи целосниот потенцијал на плодните ниви, на високите планини и на планинските реки, потенцијалот на граѓаните, за економскиот развој на општината. Граѓаните и нивните идеи и потреби ќе претставуваат врвен приоритет на општината и на општинската администрација.**

Општина Јегуновце ќе биде во функција на сите граѓани без оглед на нивната национална, верска и партиска определба, со максимално почитување на принципот на рамноправност, полова припадност и социјален статус. Општина во која ќе има обезбедено реални услови за отворање на нови работни места и намалени социјални проблеми. Општина по мерка на младите, притоа, почитувајќи ги барањата на повозрасните и пензионерите.

# ОПШТИНАТА ЗА СИТЕ НАС

## За децата

- Зголемување на капацитетот на детската градинка во Јегуновце – згрижување повеќе деца;
- Отворање нова детска градинка на територијата на општина Јегуновце;
- Опремување на детските градинки со играчки и со детски помагала;
- Изградба на детски забавни игралишта.





## За учениците

- Изградба на спортска училишна сала;
- Обновување на училишните згради;
- Уредување на училишните дворови;
- Изградба на повеќенаменски игралишта во секое училиште и обнова на постојните;
- Воведување повеќе вонучилишни активности за учениците.



## За младите

- Економски развој на Општина Јегуновце и отворање повеќе работни места за младите, сè со цел младите од Општина Јегуновце својата иднина да ја гледаат тука.
- Изградба на спортска сала;
- Потикнување и организирање повеќе младински, спортски и културни активност за здрава младина.



## За пензионерите

- Изградба на пензионерски катчиња
- Организирање пензионерски екскурзии
- Поттикнување зголемена активност на пензионерите.

# КЛУЧНИ ПРОЕКТИ

## ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Сведоци сме дека и денес, граѓаните на Општина Јегуновце сè уште не уживаат во основните потреби на 21-от век, немаат здрава вода за пиење, фекална канализација и чиста животна средина. За унапредување на животната средина, потребно е да се изградат водоводни и канализациски мрежи како и да се исчистат дивите депонии на територијата на Општина Јегуновце.

Со зголемувањето на капацитетите и со новите зафати за вода за пиење, изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа, секое домаќинство ќе добие здрава и во доволни количини вода за пиење.

Општина Јегуновце се наоѓа во втората заштитна зона на изворот Рашче, а досега нема изградено фекална канализација што е функционална. Поради немање канализација доаѓа до загадување на подземните води. Изградбата на општинска фекална канализациона мрежа и ставањето во употреба на пречистителните станици, ќе го решат овој проблем.

Екологијата во нашата општина е на многу ниско ниво, во секое место има дива депонија од каде што се шири непријатна миризба и претставува потенцијално место за ширење заразни болест.

- Чистење на дивите депонии во општината, садење дрвја на нивно место,
- обезбедување канти за секое домаќинство и контејнери за собирните места.
- Реевидирање на договорот со „Екофлор“ и цената на чинење на услугата од нивна страна.
- Одржување на сите зелени површини покрај патиштата и парковите во општината од страна на Јавното комунално претпријатие.



Со изградба на водоводна и фекална канализациона мрежа како и со чистењето на дивите депонии, ќе се заштити животната средина и ќе се обезбедат поквалитетни услови за живот во општина Јегуновце.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2021 година**

## ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Во Општина Јегуновце има голем процент на невработени граѓани, особено на младите, поради што сè почесто се одлучуваат да заминат на работа во земјите на Европската Унија. Ваквите процеси не смеат како досега само да се набљудуваат, туку мора да се реагира.

Ослободување од комуналии за инвеститорите кои ќе инвестираат во изградба на нови погони во кои ќе се вработат жители од Општина Јегуновце.

- Поттикнување на приватниот сектор преку форма на јавно-приватно партнерство за ефикасно искористување на локалните потенцијали и ресурси.
- Изработка на стратешки документи и програми и нивна презентација и промоција пред стратешките инвеститори.
- Уредување на техничко-технолошка развојна зона на територијата на општината.
- Развој на планински и селски туризам и презентација на природните убавини со кои изобилува Општина Јегуновце.
- Помош и субвенционирање млади земјоделци.
- Изградба на неопходна инфраструктура на канали за наводнување и пристапни земјоделски патишта за развој на земјоделието во општината.
- Општината ќе иницира формирање земјоделски здруженија и сточари и нивна бесплатна обука, сè со цел да се овозможи организиран настап и да се постигнат повисоки откупни цени.
- Општината ќе иницира проекти за производство на органска храна.

Економскиот развој на Општина Јегуновце ќе доведе до подобра благосостојба за сите граѓани и до задржување на младите дома.

**Целна група: Млади, вработени, невработени земјоделци, претприемачи, стопанственици**

**Рок: 2021 година**

## СПОРТСКА САЛА И ВО ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Изградба на мултифункционална спортска сала во општинскиот центар. Со изградбата на спортска сала, се поттикнуваат и се зголемуваат спортските активности на младите и на учениците во општина Јегуновце. Обезбедувањето соодветен простор овозможува реализирање спортски активности и во зимските месеци. Спортската сала ќе може да се употребува и за низа различни активности за потребите и во организација на жителите на Општина Јегуновце. Ќе се поттикнат развојот и формирањето на спортските клубови во општината.

Досега, на територијата на општина Јегуновце не е изградено спортска сала. Со изградба на спортска сала, ќе се поттикне развојот на спортот во општината, ќе се зголемат спортските активности на младите и на учениците во општина Јегуновце, тие ќе добијат соодветен простор за изведување на физичките активности во зимските месеци. Развој и формирање спортски клубови за мали спортови.

**Целна група: Ученици, млади, спортисти, жителите на општина Јегуновце**

**Рок: 2019-та година**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ВОДА ВО СЕКОЈ ДОМ

Здрава и во доволни количини вода за пиење мора да добие секое домаќинство. За таа цел ќе се зголемат постојните капацитети и ќе се зафатат нови извори на вода за пиење, санирање на примарната и секундарната мрежа во населените места. Квалитетно и домаќинско стопанисување со водата за пиење. Навремено отстранување на настанатите дефекти на водоводната мрежа од страна на комуналното претпријатие во согласност со системот 24.

Неприфатливо е во 21-от век секој граѓанин да нема здрава вода за пиење. Секое домаќинство мора да добие здрава вода за пиење и тоа ќе претставува врвен приоритет.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2019-та година**



## ОПШТИНСКА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА



- Изградба на општинска канализациона мрежа во секое населено место.
- Во првата година ќе биде изработен проект за општинска фекална канализација со пречистителни станици.
- До завршување на градоначалничкиот мандат ќе биде изградена општинска фекална канализација со пречистителна станица.
- Ставање во функција на веќеизградените, а неупотребливи пречистителни станици.

Општина Јегуновце е во втората заштитна зона на изворот Рашче, има високо ниво на подземни води кои, поради неизградени фекални канализациони мрежи, се загадуваат. Со изградбата на канализационите мрежи, ќе се заштити животната средина.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2021 година**

## СОВРЕМЕНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА



Со помош од Владата, ќе ги изградиме во современи сообраќајници Регионален пат Р 2242 од Јегуновце до Желино (Врска со А 2), во должина од 17 км. Овој пат поминува по целата територија на Општина Јегуновце, од Јегуновце, преку Јанчиште Шемшово и оди кон Желино. Тој се наоѓа во многу лоша состојба, целиот е со дупки, а на потегот од Прељубиште до Шемшово, тој е поткопан од Слатинска Река.

Регионален пат Р 29274, од Лешок до (Р 2242) до Шемшово, во должина од 5 км. Овој пат минува низ населените места Жилче и Шемшово.

Регионален пат Р 2234 од Пршовце до Јегуновце, во должина од 5 км.

Изградба на локалниот пат Туденце-Сиричино

Локален пат од мотел Вратница до Беловиште

Одржувањето и изградба на сите други локални патишта и улици ќе бидат тековни, во согласност со програмата и барањата на граѓаните.

Сообраќајната мрежа во општина Јегуновце е во лоша состојба, но со изградба на регионални и локални патишта и со тековно одржување на улиците низ населените места, сликата со патиштата ќе се промени.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2020-та година**

## УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР



Регулираното корито низ територијата на општина Јегуновце, на реката Вардар, е проект што е влезен во програмата на Владата на Република Македонија и со нејзина помош ќе се изгради коритото на реката Вардар, етапно, во должина од 8 километри, од влезот на Дервенска Клисура до населеното место Сиричино.

Поради нерегулираното корито на реката Вардар, која минува низ територијата на општина Јегуновце, секоја пролет таа се излива и ги поплавува населените места покрај нејзиното течение, при што им предизвикува материјална штета на домовите и на земјоделските површини. Граѓаните на општина Јегуновце повеќепати барале да се регулира коритото на реката Вардар.

**Целна група: Граѓаните на населените места покрај течението на реката Вардар (од Јегуновце, Раотинце, Копанце, Туденце, Сиричино)**

**Рок: Во етапа**

## ГРАЃАНИНОТ – ВРВЕН ПРИОРИТЕТ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Најголемиот број граѓани на општина Јегуновце се незадоволни од работењето на општинската администрација. Таа е неефикасна, во неа се вработени голем број лица кои се нестручни и некомпетентни за извршување на своите работни задачи. Главни критериуми за нивно вработување, во последниве години, се непотизмот и пријателските врски со градоначалникот. Оваа состојба мора да се промени.

За надминување на оваа состојба ќе направиме:

- Јавно објавување на слободните работни места во општината и повик до сите граѓани на Јегуновце, кои ги исполнуваат условите и ги имаат потребните стручни квалификации, да се пријават на т.н. „Берза на работни места во општината“. Ќе биде изработен во период од шест месеци.
- Двосменско работење на општинската администрација, сè со цел да постои полесен пристап за граѓаните.
- Отворање дисперзирани канцеларии на општинската администрација во кои граѓаните ќе можат да ја поднесат својата документација и да ги добијат сите потребни информации.
- Задолжителна и континуирана обука на врабтените во општината за љубезен пристап до странките, почитување на работното време.
- Воведување на системот 24 – систем на добро управување и одговорност – кој служи за откривање на проблемите и управување во локалната самоуправа.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: Веднаш**



## ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА



Екологијата во нашата општина е на многу ниско ниво, во секое место има дива депонија од којашто се шири непријатна миризба и таа претставува потенцијално место за ширење заразни болести.

Мора да се заштити шумското богатство. Шумите во општината постојано се цел на дрвокрадци.

Заштита на водите и реките на територијата на општина Јегуновце.

- Чистење на дивите депонии во општината, садење дрвца на нивно место,
- обезбедување канти за секое домаќинство и контејнери за собирните места.
- Реевидирање на договорот со „Екофлор“ и цената на чинење на услугата од нивна страна.
- Одржување на сите зелени површини покрај патиштата и парковите во општината од страна на Јавното комунално претпријатие.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2018-та година**

## ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Со изработка на деталните урбанистички планови, во согласност со потребите и барањата на граѓаните.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2021 година**



# МЕСНИ ПРОЕКТИ

## БЕЛОВИШТЕ

1. Изработка на фекална канализациона мрежа со пречистителна станица
2. Изработка на урбанистички план
3. Изградба на улици со асфалт или со бехатон-плочки, континуирано
4. Отстранување на дивите депонии по течението на реката
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие
7. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот - 24
8. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ВРАТНИЦА

1. Асфалтирање на патот од мотел „Вратница“ до Беловиште
2. Изградба на другите ископани улици по маалата
3. Уредување на сретсело во Вратница
4. Изградба на потпорен ѕид на главниот пат
5. Решавање на проблемот со спортското игралиште
6. Отстранување на дивите депонии од реката

## ЖИЛЧЕ

1. Обезбедување доволни количини вода за пиење
2. Доизградба и ставање во употреба на канализационата мрежа
3. Изградба на Регионален пат Р 29274 во Жилче и изградба на тротоари
4. Изградба на улици со асфалт или со бехатон-плочки, континуирано
5. Отстранување на дивите депонии на излезите од населеното место
6. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
7. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ЈАЖИНЦЕ

1. Доизградба на фекалната канализација во должина од 300 м
2. Изградба на улицата од училиштето кон регионалниот пат
3. Оградување на училиштето
4. Чистење на дивите депонии на излезите од населеното место
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ЈАНЧИШТЕ

1. Изградба на канализациона мрежа во Јанчиште
2. Дислокација на далноводот над спортското игралиште
3. Уредување на училишниот двор
4. Дополнување на детското игралиште со повеќе детски реквизити
5. Чистење на дивите депонии во населеното место
6. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24

7. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ЈЕГУНОВЦЕ

1. Изградба на спортска сала во општинскиот центар
2. Ставање во употреба на фекалната канализациона мрежа
3. Изградба на улиците низ населеното место
4. Уредување на просторот околу фонтаната во Јегуновце
5. Изградба на детско забавно игралиште
6. Чистење на коритото на реката Бистрица
7. Чистење на дивите депонии во населеното место
8. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
9. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## КОПАНЦЕ

1. Со уредување на кејот на реката Вардар, ќе се реши проблемот со поплавите во Копанце и ќе се исчистат дивите депонии од коритото на реката Вардар.
2. Изградба на канализациона мрежа во Копанце како дел од општинската канализациона мрежа
3. Изградба на улиците во Копанце со асфалт или со бехатон-плочи
4. Подобрување на состојбата со водата за пиење
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ОРАШЈЕ

1. Пронаоѓање нови извори и зголемување на капацитетот на водата за пиење
2. Изградба на мултифункционално спортско игралиште
3. Чистење на дивите депонии во населеното место
4. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
5. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ПОДБРЕЃЕ

1. Изградба на канализациона мрежа во Подбреѓе како дел од општинската канализациона мрежа
2. Доизградба на сите улици во Подбреѓе на бехатон
3. Партерно уредување на просторот пред чешмата
4. Чистење на дивите депонии и нивно уредување
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ПРЕЉУБИШТЕ

1. Изградба на секундарна водоводна мрежа и обезбедување доволни количини вода за пиење
2. Изградба на фекална канализациона мрежа
3. Уредување на просторот кај општинската библиотека
4. Чистење на дивите депонии и нивно

уредување

5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## РАОТИНЦЕ

1. Со уредување на кејот на реката Вардар, ќе се реши проблемот со поплавите во Раотинце, ќе се исчистат дивите депонии од коритото на реката Вардар.
2. Изградба на фекална канализациона мрежа во Раотинце
3. Решавање на проблемот со водата за пиење во Раотинце
4. Изградба на локалните улици во населеното место
5. Урбано уредување на просторот кај чешмата во Раотинце
6. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
7. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## РАТАЕ

1. Изградба на фекална канализациона мрежа во Раотинце
2. Изградба на улиците во Ратае што одат нагоре и надолу од сретсело.
3. Чистење и покривање на каналот за наводнување Радиовце – Бистрица, во реонот на Ратае, со што ќе се спречи ширењето на непријатната миризба.
4. Чистење на дивите депонии и нивно уредување
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување, во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## РОГАЧЕВО

1. Ставање во употреба на пречистителната станица на канализационата мрежа
2. Организирано собирање на комуналниот отпад од секое домаќинство
3. Ставање во употреба на Домот на културата
4. Чистење на дивите депонии и нивно уредување
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## СИРИЧИНО

1. Ставање во употреба на изградената фекална канализациона мрежа
2. Асфалтирање, проширување и изградба на тротоар во Сиричино, на патот што оди од Туденце низ Сиричино.
3. Решавање на проблемот со дивите депонии кои настануваат во коритото на реката Вардар.
4. Доизградба на улиците во Сиричино
5. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
6. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## СТАРО СЕЛО

1. Зафати на нови извори за вода за пиење и зголемување на капацитетот на водоводниот систем, така што граѓаните на Старо Село ќе добијат чиста, здрава и во доволни количини вода за пиење и за време на летниот период.

2. Изградба на игралиште за мал фудбал
3. Со средства од програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици. Изградба со бехатон-плочи на улици во Старо Село.
4. Санирање на патот кон планинарскиот дом на Љуботен
5. Отстранување на дивите депонии
6. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
7. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие
8. Местоположбата на Старо Село е специфична, во атарот на населеното место функционираат пет каменоломи за сепарирање песок. Како градоначалник и општинска администрација ќе разговараме со сите стопанственици за надминување на проблемите со жителите на Старо Село како бучавата, прашината, загрозувањето на безбедноста на имотите на староселци.

## ТУДЕНЦЕ

1. Со уредување на кејот на реката Вардар, ќе се реши проблемот со поплавите во Туденце, ќе се исчистат дивите депонии од коритото на реката Вардар.
2. Уредување на фудбалското игралиште во Туденце според стандардите на ФФМ.
3. Чистење на дивите депонии
4. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24.
5. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие

## ШЕМШОВО

1. Со изградба и асфалтирање на регионален пат Р 29274 во атарот Шемшово ќе се подобри состојбата со безбедноста со изградба на тротоари.
2. Целосно ставање во употреба на фекалната канализациона мрежа
3. Чистење на каналите за да се спречи ширењето на непријатната миризба од нив.
4. Изградба на локални улици и патишта во Шемшово, со асфалт или бехатон-плочки
5. Чистење на дивите депонии во атарот на на село Шемшово
6. Подобрување на уличното осветление и негово одржување во согласност со системот – 24
7. Редовно одржување на зелените површини од страна на комуналното претпријатие